Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-337/8
Датум: 18.07.2023

Постапувајќи по претставката со бр. 08 – 337/1 од 28.04.2023 година, поднесена од [redacted] со адреса на [redacted], за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи против [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 18.07.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] кон [redacted]

## Образложение

На 28.04.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08 - 337/1 од подносителката [redacted] за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на нејзината претпоставена – [redacted].

Подносителката на претставката е вработена во Министерството за внатрешни работи на РСМ, на работно место помлад инспектор – водич на безбедносен реон, категорија Ѓ, ниво Ѓ5 во Полициска станица за БПС Битола, Одделение за полиција, Сектор за внатрешни работи – Битола, Биро за јавна безбедност. Во претставката се наведува дека подносителката на претставката непрекинато е дискриминирана на работното место при извршување на работните задачи, од страна нејзината претпоставена – [redacted] (ВД командир во ПС за БПС Битола). Подносителката тврди дека дискриминација кон неа се врши континуирано, почнувајќи од почетокот на месец ноември 2022 година. Во текот на работењето на работното место подносителката наведува дека кон неа се постапувало нееднакво, врз основа на дискриминаторската основа лично својство и општествен статус. Нееднаквото постапување кон подносителката се состои во тоа што претпоставената не ѝ доделувала наредби, ниту лично, ниту писмено, ниту телефонски, па поради тоа подносителката не била сигурна кои се нејзините наредби, односно работни задачи. Дополнително, претпоставената во последен момент ѝ го менувала работното време, пред почетокот на истото, со цел да ја саботира во остварување во прекувремени саати работа.

Подносителката тврди дека таа е единствената вработена во секторот, која не добива можност за остварување прекувремени саати работа, за разлика од нејзините колеги.

Согласно описот на работните задачи за работното место на подносителката, таа била должна да присуствува и учествува при вршење на акциска контрола на возила и возачи на територијата на Општина Битола, но претпоставената не ѝ дозволувала и не ја ангажирала за извршување на таквите работни задачи. На тој начин подносителката тврди дека ѝ е ускратено правото да ги извршува работните задачи. Со сето тоа подносителката смета дека е дискриминирана од страна на претпоставената при вршењето на работните задачи од работното место.

Подносителката на претставката смета дека нејзината претпоставена постапувала тенденциозно кон неа. Во прилог на тврдењето наведува дека лично претпоставената [redacted] против неа поднела Иницијатива за поведување на дисциплинска постапка за утврдување на одговорност за кршење на работната дисциплина со бр. 22. 22.5.2/257 од 20.03.2023 година, во врска со возило кое не било во сопственост на подносителката и не било во возна состојба, односно било паркирано. Поради сето изнесено подносителката тврди дека е дискриминирана во однос на нејзините колеги и дека нејзината претпоставена постапува тенденциозно кон неа, со намера да ѝ наштети.

За утврдување на вистинитоста на изнесените аргументи во претставката, подносителката предложила да се изврши увид во документацијата на работодавачот, со оглед на тоа што таа нема пристап до нив и поради тоа не може да ги достави како доказ.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 03.05.2023 година до подносителката испрати Барање за доуредување на претставката бр. 08 – 337/2, со кое ја задолжи да ја доуреди претставката во насока што ќе ја наведе адресата на потенцијалната дискриминаторка и ќе појасни кои околности ја сочинуваат наведената дискриминаторска основа – лично својство и општествен статус.

На 16.05.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација стигна поднесок за доуредување на поднесената претставка со бр. 08 – 337/3 од подносителката на претставката. Со дописот подносителката ја доуреди претставката со тоа што ја наведе адресата на потенцијалната дискриминаторка и ја појасни дискриминаторската основа од претставката. Подносителката појасни дека дискриминаторската основа се состои во фактот што таа како жена е на работна позиција помлада инспекторка – водич на безбедносен реон. Без разлика на нејзиниот надворешен изглед и пол, таа наведува дека својата работа ја врши професионално и одговорно, но и покрај тоа нејзината претпоставена кон неа постапува тенденциозно и дискриминаторски, во намера да го докаже спротивното.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 17.05.2023 година испрати Известување бр. 08 – 337/4 за произнесување по наводите од претставката до потенцијалната дискриминаторка.

На 21.06.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација стигна поднесок за произнесување по предметната претставка со бр. 08 – 337/5 од СВР Битола, Одделение за полиција.

Во поднесокот за произнесување се наведува дека по добиената претставка биле извршени проверки и увид во службените материјали изготвени во ПС за БПС Битола (наредби и дневни распореди), како и разговор со претпоставената на подносителката на претставката - [redacted] против која е поднесена претставката и изготвените сужбени материјали од нејзина страна, по што било констатирано:

**Во однос на тврдењата од претставката дека подносителката не добивала наредби од претпоставената**, со увид во службените евиденции било констатирано дека на [redacted] й биле издадени писмени наредби за извршување на полициски наредби и тоа:

- Наредба со бр. 2669 за ден 08.10.2022 година која важи за периодот од 09 – 16 часот, со задачи за постапување по акциска контрола заради откривање на возачи кои управуваат моторни возила во време кога им е изречена прекршочна санкција – престанок на важење на возачка дозвола и забрана за управување со моторно возило, а забраната не е запишана во возачката дозвола и откривање на украдени и фалсификувани возила и спречување на трговија со украдени возила;
- Наредба со бр. 2678 за ден 09.10.2022 година која важи за периодот од 22 – 04 часот со задача за постапување по засилена акциска контрола (возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол);
- Наредба со бр. 3159 за ден 02.12.2022 година која важи за периодот од 12 – 16 часот со задача да се постапува по План согласно телеграма од БЈБ;
- Наредба со бр. 3203 за ден 07.12.2022 година која важи за период од 15 – 16,30 часот со задача да се изврши заедничка соработка со општински инспекторат;
- Наредба со бр. 3271 за ден 14.12.2022 година која важи за периодот од 11 – 12,30 часот со задача да се изврши заедничка соработка со општински инспекторат;
- Наредба со бр. 3372 за ден 23/24.12.2022 година која важи за периодот 21 – 05 часот со задача да се откриваат прекршоци по ЗБСП и ЗВ;
- Наредба со бр. 38 за ден 05.01.2023 година која важи за периодот од 10,30 – 14,30 часот со задача да се откриваат прекршоци по ЗБСП и ЗВ;
- Наредба со бр. 109 за ден 13.01.2023 година која важи за периодот од 13 – 16 часот со задача да се откриваат прекршоци по ЗБСП и ЗВ;

- Наредба со бр. 350 за ден 10.02.2023 година која важи за периодот од 12 – 14 часот со задача да се изврши заедничка соработка со државен инспекторат за патен сообраќај;
- Наредба со бр. 595 за ден 10.03.2023 година која важи за периодот од 10,30 – 12 часот со задача да се изврши заедничка соработка со државен инспекторат за патен сообраќај;
- Наредба со бр. 677 за ден 21.03.2023 година која важи за периодот од 06 – 10 часот со задача да се постапува по План согласно телеграма од БЈБ;
- Наредба со бр. 685 за ден 22.03.2023 година која важи за периодот од 10 – 12 часот со задача да се изврши заедничка соработка со државен инспекторат за патен сообраќај;
- Наредба со бр. 686 за ден 22.03.2023 година која важи за периодот од 12 – 13 часот со задача да се изврши заедничка соработка со општински инспекторат за патен сообраќај;
- Наредба со бр. 745 за ден 29.03.2023 година која важи за периодот од 10 – 11 часот со задача да се изврши заедничка соработка со општински инспекторат за патен сообраќај;
- Наредба со бр. 754 за ден 30.03.2023 година која важи за периодот од 12 – 16 часот со задача да се постапува по План согласно телеграма од БЈБ;
- Наредба со бр. 802 за ден 04.04.2023 година која важи за периодот од 18 – 20 часот со задача да се откриваат прекршоци по ЗБСП и ЗВ;
- Наредба со бр. 812 за ден 05.04.2023 година која важи за периодот од 18 – 20 часот со задача да се откриваат прекршоци по ЗБСП и ЗВ;
- Наредба со бр. 823 за ден 06.04.2023 година која важи за периодот од 18 – 21 часот со задача да се откриваат прекршоци по ЗБСП и ЗВ;
- Наредба со бр. 858 за ден 11.04.2023 година која важи за периодот од 08 – 14 часот со задача да се откриваат прекршоци по ЗБСП и ЗВ;
- Наредба со бр. 871 за ден 12.04.2023 година која важи за периодот од 12,30 – 13,30 часот со задача да се изврши заедничка соработка со општински инспекторат за патен сообраќај;
- Наредба со бр. 878 за ден 13.04.2023 година која важи за периодот од 08 – 14 часот со задача да се постапува по акциска контрола за престигнување;
- Наредба со бр. 925 за ден 19.04.2023 година која важи за периодот од 10 – 12 часот со задача да се изврши заедничка соработка со државен инспекторат за патен сообраќај;
- Наредба со бр. 971 за ден 25.04.2023 година која важи за периодот од 11 – 13 часот со задача да се изврши заедничка соработка со државен инспекторат за патен сообраќај;
- Наредба со бр. 981 за ден 26.04.2023 година која важи за периодот од 12 – 16 часот со задача да се постапува по План согласно телеграма од БЈБ;
- Наредба со бр. 990 за ден 27.04.2023 година која важи за периодот од 13 – 14,30 часот со задача да се изврши заедничка соработка со општински инспекторат за патен сообраќај;


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

- Наредба со бр. 1053 за ден 03.05.2023 година која важи за периодот од 12 – 16 часот со задача да се постапува по План согласно телеграма од БЈБ;
- Наредба со бр. 1095 за ден 09.05.2023 година која важи за периодот од 08 – 14 часот со задача да се постапува по акциска контрола за општа контрола на возачи и возила;
- Наредба со бр. 1104 за ден 10.05.2023 година која важи за периодот од 12 – 16 часот со задача да се постапува по План согласно телеграма од БЈБ;
- Наредба со бр. 1122 за ден 12.05.2023 година која важи за периодот од 10 – 13 часот со задача да се откриваат прекршоци по ЗБСП и ЗВ;
- Наредба со бр. 1152 за ден 15.05.2023 година која важи за периодот од 10 – 12 часот со задача да се изврши заедничка соработка со државен инспекторат за патен сообраќај.

Во врска со ова тврдење, во поднесокот за произнесување се појаснува описот на работни задачи за работната позиција на подносителката на претставката, според кој водичот на безбедносен реон  е должен да ја насочува работата на ПС, да ја следи целокупната состојба на сообраќајот на реонот и да иницира/ предлага мерки за надминување на одредени состојби кои негативно се одразуваат, да врши анализа на безбедноста на сообраќајот, да изготвува наредби за служба на полициските службеници, одговорен е за примена на пропишаниот реонски метод на работа, се грижи за материјално – техничките средства, врши и други работи и задачи кои ќе му бидат наредени од командирот или заменик командирот на ПС. Врз основа на тоа, се наведува дека подносителката била должна поголем дел од своите работни задачи да ги извршува самоиницијативно, без да добие наредба од командирот на ПС, па така таа на почетокот на секој месец изготвувала месечен план за работа во кој наведувала што планира да се работи во текот на месецот и истиот бил одобруван од командирот на ПС.

**Во однос на тврдењето од претставката дека подносителката не била ангажирана прекувремено**, во поднесокот за произнесување се наведува дека по увид во Регистарот за евидентирање на остварени работни часови од страна на полицајците на ПС за БПС Битола било констатирано дека подносителката во опфатената временска рамка има остварено прекувремена работа и тоа:

- За месец октомври 2022 година: прекувремена работа 15 часа, работа во викенд 5 часа и работа ноќе 7 часа;
- За месец ноември 2022 година: 40 часа боледување;
- За месец декември 2022 година: пркувремена работа 8 часа и работа ноќе 7 часа;
- За месец јануари 2023 година: прекувремена работа 6 часа и работа во празник 6 часа;
- За месец март 2023 година: прекувремена работи 3 часа;
- За месец април 2023 година: прекувремена работа 6 часа, работа во викенд 2 часа, работа ноќе 4 часа и работа во празник 4 часа.

**Во поглед на тврдењето од претставката дека на подносителката намерно ѝ било прилагодувано и менувано работното време во последен момент**, со поднесокот за произнесување појаснуваат дека согласно дневниот распоред за работа, водичот на безбедносен реон своите работни задачи ги извршува во турнус во две смени, во временскиот период од 08 – 22 часот, односно прва смена од 08 – 14 часот и втора смена од 14 – 22 часот.

**За тврдењето од претставката кое се однесува на тенденциозно постапување, констатирање на прекршок и поднесената Иницијатива за поведување на дисциплинска постапка**, во поднесокот за произнесување известија дека:
„Началникот на СВР Битола со акт бр. 6155 од 16.11.2022 година ги известил вработените во СВР Битола дека се констатирани непочитувања на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата и Законот за возила од нивна страна, посебно во поглед на непродолжена важност на сообраќајната дозвола (член 26 од Законот за возила) и поставени фолии на предни стакла или непоседување на атест за истите (член 360 од ЗБСП). ПС за БПС Битола извршила запознавање на своите вработени во поглед на содржината на овој акт, а полициските службеници своерачно се потпишале дека се запознаени, меѓу кои и подносителката на претставката. Не е спорен фактот дека возилото е во сопственост на родителот на подносителката на претставката, меѓутоа предметното возило било управувано и паркирано од страна на подносителката на претставката, по што е постапено во согласност со Законот за внатрешни работи и Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата.“

Заради целосно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 26.06.2023 година испрати Барање за доставување на информации до СВР – Битола, Одделение за поиција со бр. 08 – 337/6. Оттаму беа побарани следните информации:

- Евиденција на остварени прекувремени часови работа во полициската станица за БПС Битола, Одделение за полиција;
- Издадените писмени наредби за помлад инспектор – [redacted] и
- Иницијативата за поведување на дисциплинска постапка за помлад инспектор – [redacted].

На 10.07.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација стигна поднесок за доставување на бараните информации од СВР – Битола, Одделение за полиција со бр. 08 – 337/7, со кој беа доставени сите барани информации.

Од изнесените наводи за дискриминација на подносителката на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека е сторено веројатно тврдењето за дискриминација и согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, го префрли товарот на докажување врз потенцијалната

дискриминаторка. Врз основан на тоа, со наводите од поднесокот за произнесување и доказите приложени во поднесокот за достава на информации се поби претпоставката за дискриминација кон подносителката, затоа што:

Од утврдената фактичка состојба се констатира дека кон подносителката на претставката во рамки на работата и работните односи не постои нееднаков третман, ниту повреда заснована на заштитна карактеристика на подносителката. Тоа од причина што на подносителката ѝ биле издавани писмени наредби од претпоставената, а кои на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ѝ беа дадени на увид. Дополнително, од поднесокот за произнесување произлегува дека подносителката, со оглед на нејзината работна позиција, голем дел од работните задачи ги извршува самоиницијативно. Во постапката за заштита од дискриминација со доставената документација од СВР – Битола, Одделение за полиција беа побиени и тврдењата на подносителката дека единствено таа не остварувала дополнителни работни саати. Имено, со поднесокот бр. 08 – 337/7 беа доставени осум Наредби за работа подолга од полното работно време, кои се однесуваат на опфатениот период, а се издадени од претпоставената на подносителката – [redacted]. По секоја од дадените Наредби бил изготвуван Извештај за постапување по наредбите (работа подолга од полното работно време) на кои своерачно е потпишана и подносителката на претставката. Во однос на тврдењата на подносителката за тенденциозно постапување на претпоставената преку преземање на Иницијатива за поведување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност за кршење на работната дисциплина произлегува дека постои оправданост на претпоставената и воопшто на работодавниот орган за преземање на конкретната постапка, бидејќи подносителката постапила спротивно на прописите кои се приеменуваат во работата на Министерството за внатрешни работи.

Со сето наведено се побија тврдењата на подносителката дека кон неа е сторена дискриминација во работата и работните односи, бидејќи од доставената документација произлегува дека изнесените тврдења во претставката се невистинити. При така констатирана состојба, во недостаток на нееднаков третман и повреда на право врз дискриминаторска основа, не може да стане збор за дискриминација. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи од страна на ВД командир во ПС за БПС Битола – [redacted]

НАПОМЕНА: Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заради сеопфатноста на постапката, преземените дејствија во текот на постапката и обемноста на обезбедената документација, го пречекори законски утврдениот рок од 60 дена за постапување по претставки.

Скопје
18.07.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
-